**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четвртото продолжение на Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 март 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, ќе продолжиме со седницата.

Продолжуваме со работа по Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајште Селмани, Тахир Хани, Бесим Догани, Зоран Витанов, Весна Јаневска, Љубчо Георгиевски, Илинка Митрева, НежДет Мустафа, Оливер Шамбевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Благој Зашов и Ѓорѓи Оровчанец ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би ве замолил претседателе за ред во Собранието за да може да се слушаме.

**Љубиша Георгиевски:** Редот е веќе на ред. Во право сте, ве молам да се сообразиме сите со тоа дека седницата ја продолживме, дека веќе сме во сесија, работиме и да има ред да се слушаме еден со друг, ве молам.

Повелете господине Николов.

**Марјанчо Николов:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии, почитуван заменик министер за здравство,

Би сакал да се вклучам во расправата по Предлогот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување, посебно во делот кој што се однесува на промената на основицата на која што ќе се пресметува придонесот за здравствено осигурување, бидејќи иако оваа промена која што ја предлага Владата, како што е напишано во образложението е со цел да се поедностави пресметката на платите, да се изврши усогласување на основиците, мислам дека предизвикува и многу други промени во делот на функционирањето на стопанските субјекти, посебно на оние кои што се трудо интензивни и ангажираат голем број на работници, а исто така, таму за разлика од другите сектори, каде што со оваа мерка се намалуваат придонесите, овде се зголемуваат и ќе претставува уште еден удар врз и онака ниските плати на вработените во овие дејности.

Најпрво би сакал да кажам дека овој концепт го нуди Владата на Република Македонија и би сакал по однос на ова прашање Владата да биде попринципиелна и концептот да го брани со аргументи зошто повторно се решиле на едно вакво решение, односно зошто предлагаат основицата за пресметка на придонесот за здравство да се изедначи со основицата за пресметка на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување.

Во текот на вчерашниот ден, за жал, бевме сведоци кога министрите како претставници на Владата концептот го бранеа не со аргументи позитивни, туку со аргументи кои значеа напад на она што претходно се правело или се работело во здравството. Понудија и некои други концепти, кои што немаат врска со темата која што се расправаше на вчерашната седница. Така министерот за финансии на вчерашниот говор се обиде вешто да го избегне одговорот на некои прашања, да објасни точно во кои гранки се врши зголемување на придонесот со ваквиот начин на пресметка и почна да ни објаснува дека иднината е во концептот за бруто плата, кога вработените би земале бруто плата, тогаш поинаку би се поставиле работите и поинаку би оделе пресметките. Но тоа господине министре кога ќе дојде на ред да разговараме за таквиот концепт. Вие бидете храбри, предложете го и бранете го тогаш кога ќе дојде на дневен ред. Сега имаме конкретна ситуација, конкретен ваш предлог, кој што ќе значи отежнување или финансиско оптоварување за одредени стопански гранки во Република Македонија.

Исто така, ми сметаше образложението кое што го даваа министрите во смисла што претходно се правело и дека куќата која што тие ја затекнале била толку растурена, што Владата не можела да спроведе некои свои видувања, или свои концепции во реформите во здравството. Би го потсетил само министерот дека тие во предизборието имаа една програма која што беше клучен фактор, “Преродба во 100 чекори” и во таа програма јасно пишуваше дека имаат решение за сите проблеми во државата. Значи, и за здравството и за образованието и за вработувањето на невработените и за развој на економијата. Покрај програмата, кажуваат дека состојбата во Република Македонија е крајно лоша и дека тие ќе бидат спасителите кои за сите прашања ќе најдат одговор преку нивната “Програма во 100 чекори”. Но, тоа е аргументацијата, која што за жал, ние ја слушаме последниве 6 месеци, од кога се изврши промена на власта и мислам дека тоа е недостиг на храброст, или на одважност на владеачкото мнозинство да ги брани своите проекти, поготово кога ќе се случи во јавноста да има негативни

импликации, или негативни реакции од страна на оние што тие реформи директно ги чувствуваат во својот живот. По повод реформите во здравството, сакаме ние да признаеме или не, досега се покажа дека нема никој задоволен. Имаме незадоволни даватели на услуги, докторите, кои што гледаме дека од примарното, секундарното и терцијалното здравство, секој ден штрајкуваат или пред Фондот, или пред Владата, барајќи ги своите права кои што се утврдени со закон. Имаме незадоволни граѓани, кои што реформите во здравството ги доживуваат, пред се, преку зголемување на услугите што ги плаќаат, а од друга страна, намалување на понудата на услуги и намалување на лековите кои што се нудат во аптеките. А кога тука го бранеше Владата концептот за реформите во здравството, не убедуваа дека ние не сме го разбирале, дека ние не сме имале доволно свест да сфатиме што тие реформи значат и колку позитивно ќе се одразат во функционирањето на здравствениот систем во Република Македонија. Сега можеби ние не можеме да ги разбереме, ама не можат да ги разберат и докторите, не можат да ги разберат ни граѓаните. Владата ако го брани концептот, нека го брани со свои аргументи дека тоа го прават поради тоа и тоа.

Би сакал да укажам и на една друга аномалија, а тоа е дека нема потреба Владата да троши пари по весници и да соопштува како своите законски обврски ги извршува согласно Законот. Значи, нема потреба да троши пари  Фондот за здравство да им каже на примарните лекари дека иако 6 месеци доцни со исплатата на капитацијата, да им каже дека сега ќе примат за 2 или 3 месеци. Нема потреба да даваат огласи во весници дека платите ќе ги исплаќаат на 1-ви. Тоа е законска обврска на Фондот и законска обврска на Владата и нема потреба од непотребно трошење на средства на граѓаните за реклами во весници и мислам дека тука брзо треба да се освестат да не се расфрлаат средствата на даночните обврзници.

Министерот за финансии овој предлог на Владата за изедначување на основицата за пресметка на придонесите го бранеше наводно, и со договор со ММФ, или дека така било преземено со аранжманите и дека тој концепт морал да се спроведе.

Би сакал да реагирам на една друга работа, по едно друго прашање. Министерот за финансии не убедуваше дека тие биле многу храбри и многу вешти во разговорите со ММФ, па концептот за намалување на даноците, кој што тие го нарекоа рамен данок успеале да го одбранат пред ММФ и тука Владата била храбра, а за овие непопуларните мерки не била храбра и вешта во преговорите, па не успеала да го убеди ММФ дека така треба да биде. Значи, ако веќе имате власт, имате механизми, во тој случај треба да имате и храброст за мерките кои што ги носите да ги браните и пред јавноста и овде пред пратениците.

Во однос на тоа кој каква ситуација затече во Републиката, да ве потсетам само господине министре, дали се сеќавате од 1998 година до 2002 година кој беше директор на Фондот за здравство и што се се случуваше со парите на даночните обврзници во тоа време и што се се набавуваше во здравството, освен лекови. И каква куќа на какви темели беше Република Македонија во 2001 година, или во 2002 година. Не и беше лесно ниту на претходната влада и ви држат објаснувањата дека вие сте затекнале многу тешка ситуација, туку напротив, затекнавте една чиста ситуација, затекнавте еден мандат во кој што три години нема избори во Република Македонија, затекнавте една ситуација во која што три години можевте да се посветите на економијата и на решавањето на проблемите на граѓаните, а не да се грижите само за сопствениот рејтинг и да се грижите што пишува во весниците и во медиумите за вас. Или ќе бидете храбри да ги спроведете реформите, или брзо вашата популарност ќе се претвори во нешто што многу ќе ви смета и граѓаните  ќе ви кажат дека за жал, се излажале на 5 јули кога гласале за вас.

Околу конкретниот предлог, би сакал да кажам дека со овој предлог на Владата, всушност се продолжува со една концепција, а тоа е дека оние кои што имаат најмалку приходи во државата, најмали плати, постојано им се влошуваат условите и ги товарат или со нови давачки, или со нови ограничувања. Тоа се случи со воведувањето на рамниот данок, односно со персоналниот данок, каде што оние што заработуваат повеќе, сега плаќаат исто со оние што заработуваат помалку, а тежината се префрла на ДДВ, како данок кој што сите исто го плаќаат. Сега се прави со Законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување во кој што токму гранките кои што се најниско во делот на примањата, повторно ќе се оптоварат со дополнителни давачки. Од предлогот што го добивме од Министерството за економија, каде што има преглед по гранки, каде има намалување, каде зголемување на придонесите по новиот начин на пресметка, се гледа дека таму каде што има зголемување вкупно работат околу 51 илјада вработени. Тоа се дејностите како што се текстилната индустрија, кожарската индустрија, производството на пластика и гуми, или некаде околу 3 илјади субјекти ќе плаќаат поголеми придонеси, отколку што ќе плаќаат пред доаѓањето на овие измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување. Мислам дека ќе се случи за брзо време, без разлика што министерот ни објаснуваше дека ќе понудат решение за некои гранки, како што е текстилната индустрија, со стимулативни мерки газдите или работодавачите излезот да го бараат повторно во намалување на платите, или во зголемувањето на нормите на работниците, како би можеле овој дополнителен трошок да го покријат што ќе се јави во работењето.

Владата требаше да размисли, а така кажаа вчера и моите колеги пратеници, пред се господинот Никола Поповски за поинаков начин околу пресметката на придонесот за здравствено осигурување, а не на овој начин повторно да се удри по најсиромашните и оние кои што примаат најниски плати.

Владата продолжува со концептот да се отежнуваат условите на најсиромашните слоеви на граѓаните. Тоа ќе го видиме и од понеделник, кога ќе дојде законот за социјална заштита, каде што повторно се намалуваат основиците за примање на социјална помош.

Затоа, мислам дека овој концепт, или овој закон кој што го предлага Владата е добро да се повлече, да размисли Владата уште еднаш околу начинот на кој што ќе врши израмнување или смена на системот на пресметка на придонесот во здравството и повторно да ни предложи еден начин кој што ќе биде порамноправен и кој што нема да создаде проблеми онаму каде што веќе ги има доволно.

Затоа, апелирам Владата, барем во делот кој што се однесува за пресметката на придонесите за здравство, да размисли за поинаков начин на пресметка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Давам 5 минути пауза за да се собереме за да гласаме.

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со гласање.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата. Имаме голем број на присутни пратеници, а во салата не сме доволно.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Еден час пауза за кворум.

(По паузата, седницата продолжи во 13,09 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и ги заземат своите места.

(Пратеници влегуваат во салата)

Предлагам пауза до 15,00 часот кога има реални можности да добиеме уште 10 пратеници кои се на различни должности надвор од зградава. Воглавном се со дипломатијата. Таму имаме 8 пратеници.

(Реакции во салата)

(По паузата)

Поради учество на работа по комисии и поради протоколарни ангажмани кои денес се многу изразени на определен број на пратеници, не можеме да обезбедиме кворум, јас предлагам овде да ја прекинеме пленарната седница и да ја продолжиме утре во регуларното време во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 15,15 часот)